Врз основа на член 63, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20 и 111/23) член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.08.2024 година донесе:

# ОДЛУКА

## за утврдување на урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 И ГП М1.14, од УПВНМ Башино село, М.В. Зад Црква, Општина Велес

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ БАШИНО СЕЛО, М.В. ЗАД ЦРКВА, ОПШТИНА ВЕЛЕС, со вкупна површина од 1580 м², односно 0.16 ха.

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20 и 111/23), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ БАШИНО СЕЛО, м.в. ЗАД ЦРКВА, ОПШТИНА ВЕЛЕС изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 70/22-1 од Јули 2024 година, ревидиран од „ИНГРА“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, со тех.бр. 156/23 од Јули 2024 год.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ БАШИНО СЕЛО, М.В. ЗАД ЦРКВА, ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Број 25- 3377/8
30.08.2024 година
Велес

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за урбанизам и
- Списи и архива.